Република Северна Македонија
Општина Јегуновце

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Jegunovcit

1215 Јегуновце тел./факс 044 39 77 66
1215 Jegunovc tel./faks 044 39 77 66
Е-маил / E-mail: o-jegunovce@t.mk
Веб сајт / web faqja: www.opstinajegunovce.gov.mk

Одделение за урбанизам, комунални работи,
заштита на животната средина, патишта и улици
и локален економски развој
бр.11-1453/8
02.10.2026год.
Јегуновце

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ„бр.32/20 и 111/2023), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/02), Градоначалникот на Општина Јегуновце, го дава следното:

СООПШТЕНИЕ
За организирање на јавен увид на

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена А4.3 -Семејни куќи за времен престој - викенд куќи на КП 1792, КО Сиричино, општина Јегуновце.

Се организира јавен увид **по предлог УП за вон офат на урбанистички план,** техн. Бр. 04-34/2022 од Јуни 2026 год. изработен од страна на „ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО – Тетово, **на КП 1792, КО Сиричино,** Општина Јегуновце за намена: **А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи.**

Границата на проектниот опфат се:

- На северната страна проектниот опфат граничи со КП 1783, потоа продолжува на исток и граничи со КП 1785, скршнува и северно граничи со КП 1785, КП 1788, КП 1789 и КП 1791.Повторно скршнува на исток и граничи со КП 357/1 и со истото КП и на јужната страна.На западната стрна пак граничи со КП 1962.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 10.597,56м2

Јавниот увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистичкиот план, со намена **А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1792 КО Сиричино**, Општина Јегуновце ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Јегуновце: www.opstinajegunovce.gov.mk

Јавниот увид ќе трае 15 дена од денот на објавување на соопштението, односно од 03.10.2025 год. до 18.10.2026 год.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмено забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Градоначалник
Димитар Костадиноски

Dimitar Kostadinoski

Digitally signed by Dimitar Kostadinoski